| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Ритче, рид и планин |
| **Содржина на денот** | Бројот 1 |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за тоа како можеме да го одржуваме нашето здравје ( да јадеме здрава храна, да пиеме вода, да одиме на прошетка на чист воздух, да спортуваме и сл.). |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор по слика, односно оставете го детето самостојно да ја опише сликата, да Ви каже што може да забележи на истата. Во текот на разговорот, поттикнете го детето да размисли и да Ви каже колку автомобили, авиони, зајчиња и др. може да забележи.<br>Потоа продолжете со игри со предмети или играчки кои се наоѓаат во Вашиот дом, обрнувајќи внимание на количината ( многу или повеќе и еден), односно дека ЕДЕН предмет го означува бројот **1.**<br>Потоа покажете му го на детето бројот 1 испишан на лист од блок – запознавање со цифрата.<br>Продолжете со истражувачка игра која сигурно ќе му се допадне на детето: „Пронајди го бројот 1“, играта се состои во тоа што така на сликовници, постери, флаери и на места од неговото непосредно опкружување Вашето дете самостојно ќе ја пронајде, препознае цифрата, истата ќе ви ја покаже или ќе ја заокружи со боичка. На крајот на играта Вие со вашето дете можете да ги преброите пронајдените цифри колку се на број. |

| | |
|---|---|
| | Активноста завршете ја подвижна игра „Штрк и жаба“ – вежби за одење со големи чекори и вежби за скокање.<br>Пред да започнете со играта направете вежби за загревање на мускулатурата на целото детско тело.<br>Во играта можат да се вклучат и останатите членови од семејството за да биде играта поинтересна и позабавна за детето.<br>Активноста може да ја реализирате во затворен простор или пак во двор, во парк во блиска околина, односно на отворен простор.<br>Опис на играта:<br>Детето слободно се движи, има право на избор дали ќе биде штрк и да се движи со големи чекори или жаба и да скока на две нозе, на даден знак со удар на некаков предмет  или плескање со раце се започнува со играта така што се раскажува следната приказна:<br>„Имало една голема бара, покрај неа стоел ЕДЕН штрк со долги и тенки нозе. Штркот одел напред (со големи чекори), а ЕДНА жабата покрај барата скокала. Но, штом ќе го здогледала штркот, таа брзо скокала за да се врати назад кон барата“.<br>Играта ќе трае се додека детето има интерес. |